# МОДЕЛ – ДЕЛОВНИК
## за работа на општински совет за превенција на детско престапништво

Скопје, септември 2021

Врз основа на членот 159, став (1) од Закон за правда за децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 148/2013 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/2019 и 275/2019) и Советот за превенција на детско престапништво на општина ______________________ го донесе следниов:

**ДЕЛОВНИК**
**за работа на Советот за превенција на детско престапништво на општина**
**______________________________________**

**Дел 1.**
**Општи одредби**

**Предмет**
**Член 1**

Со овој деловник се уредува начинот на работа на Советот за превенција на детско престапништво на општина _______________ (во натамошниот текст: Локален совет).

**Значење на поимите**
**Член 2**

Поимите употребени во овој деловник го имаат значењето уредено со Законот за правда за децата.

**Употреба на јазици**
**Член 3**

Во Локалниот совет се употребува македонскиот јазик, како и секој друг јазик кој е службен во општина _______________ согласно законодавството на Република Северна Македонија.

**Претставување**
**Член 4**

Претседателот го претставува Локалниот совет.

**Начин на одлучување од страна на Локалниот совет**
**Член 5**

(1) Локалниот совет за прашањата од своја надлежност одлучува на седници со јавно гласање.
(2) Седниците се свикуваат и одржуваат на начин кој е уреден во членовите – до -- од овој деловник, со исклучок на конститутивната седница.

**Вршење на административни работи за Локалниот совет**
**Член 6**

(1) Административните работи за Локалниот совет ги врши општина _______________.
(2) Секретарот на општина _______________ определува лице од редот на административните службеници во општина _____________ да биде секретар на Локалниот совет.

## Дел 2.
## Конститутивна седница на Локалниот совет

**Свикување на првата седница на Локалниот совет**
**Член 7**

(1) Конститутивната седница на Локалниот совет ја свикува претседателот на заминување, најдоцна во рок од еден месец од денот на влегување во сила на одлуката за именување на членови на Локалниот совет.
(2) По исклучок, доколку конститутивната седница не е свикана од страна на претседателот на заминување во законски предвидениот рок, тоа го врши највозразниот новоименуван член на Локалниот совет.
(3) Лицето кое ја свикува конститутивната седница на Локалниот совет претседава со седницата (во натамошниот текст: Претседавач на конститутивна седница).

**Тек на конститутивната седница**
**Член 8**

(1) На почетокот на конститутивната седница претседавачот го утврдува бројот на присутни членови на Локалниот совет.
(2) Локалниот совет може да се констатира ако на седницата присуствуваат мнозинство од вкупниот број на членови на Локалниот совет.

**Избор на претседател на Локалниот совет**
**Член 9**

(1) Откако ќе биде утврден кворумот за работа, согласно членот 7, се преминува кон избор на претседател на Локалниот совет.
(2) Претседавачот на конститутивната седница на Локалниот совет ги повикува членовите на Локалниот совет да утврдат кандидати за претседател.
(3) Кандидат за претседател е секој член на Локалниот совет кој за претседател го предложиле барем двајца други членови на Локалниот совет.
(4) Откако се утврдени кандидатите за претседател на Локалниот совет, претседавачот ги прозива членовите на Локалниот совет поименично да го истакнат својот глас за претседател на Локалниот совет.
(5) За претседател на Локалниот совет е избран оној кандидат кој добил најмногу гласови.

**Назначување на потпретседател на Локалниот совет**
**Член 10**

(1) Новоизбраниот претседател може да назначи потпретседател на Локалниот совет.
(2) Потпретседателот на Локалниот совет ги врши работите што му се доверени од претседателот.

## Дел 3.
## Работа на Локалниот совет

**Седници на Локалниот совет**
**Член 11**

(1) Локалниот совет работи на седници и разгледува прашања од својот делокруг утврден со позитивните прописи.
(2) Локалниот совет најдоцна до 20 декември во тековната година донесува годишна програма за следната година која ја доставува до Советот на општина ______________.
(3) Покрај годишната програма од ставот (2) на овој член, Локалниот совет донесува и заклучоци и мислења за прашањата поврзани со превенцијата на детското престапништво, односно за преземање на иницијативи кои би доведе до намалување на детското престапништво.
(4) Актите од ставот (3) на овој член се доставуваат до Советот на општина ____________, како и надлежните органи.
(5) Локалниот совет доставува годишен извештај за своето работење до Советот на општина __________________ и тоа најдоцна до 30 јануари во тековната година за претходната година.

**Свикување на седниците**
**Член 12**

(1) Седниците на Локалниот совет ги свикува претседателот на Локалниот совет или потпретседателот на Локалниот совет негово овластување.
(2) Седницата на Локалниот совет се зкажува по писмен пат, најдоцна 5 дена пред нејзиното одржување.
(3) Со поканата за седницата се доставуваат и предлог-дневниот ред, материјалите за седницата и записникот од претходно одржаната седница.
(4) По исклучок, доколку тоа го налага природата на работата, претседателот на Локалниот совет може да ја закаже седницата на Локалниот совет и во рок пократок од наведениот во ставот (2) на овој член.
(5) Членовите на Локалниот совет се должни редовно да присуствуваат на седниците, а во случај на нивна спреченост тие се должни да го најават своето отсуство до претседателот на Локалниот совет.

(6) Во случај на ненајавено отсуство на член на Локалниот совет на повеќе од пет седници во текот на една календарска година, претседателот на Локалниот совет може да иницира негова замена со нов член до Советот на општина ____________.

**Кворум за работа и начин на одлучување**
**Член 13**

(1) Локалниот совет може да работи ако на седницата присуствуваат повеќе од половина од вкупниот број на членови.
(2) Локалниот совет одлучува со мнозинство гласови од присутните членови.
(3) Доколку на седницата не може да се постигне мнозинство гласови од присутните членови, одлучувачки е гласот на претседателот на Локалниот совет.

**Тек на седницата**
**Член 14**

(1) Седницата на Локалниот совет ја отвора и ја води претседателот на Локалниот совет.
(2) На почетокот на секоја седница се разгледува и усвојува записникот од претходната седница на Локалниот совет, односно се разгледува и усвојува предложениот дневен ред за тековната седница.
(3) Секој член на Локалниот совет има право да побара да се додаде точка на дневниот ред.
(4) Претседателот на Локалниот совет по отворањето на секоја точка од дневниот ред им дава збор на членовите кои бараат да учествуваат во дискусија.
(5) Претседателот на Локалниот совет може да го прекине или опомене лицето на кое му е даден збор доколку во својата дискусија се оддалечи од точката по која се дискутира.
(6) Дискусијата завршува кога веќе никој не се јавува за збор, по што се пристапува кон изјаснување.
(7) По исцрпување на точките од дневниот ред претседателот ја затвора седницата.

**Одржување на седници по електронски пат**
**Член 15**

(1) Седниците на Локалниот совет може да се одржуваат и по електронски пат (електронска пошта, видео-конференциска врска, аудио-врска и слично).
(2) Ако седницата се одржува преку електронска пошта, претседателот на Локалниот совет или потпретседателот на Локалниот совет ги доставуваат предлог-дневниот ред и материјалите до членовите со покана тие да се изјаснат по повод предложените мислења и препораки во рок не пократок од 5 дена, а ако членовите на Локалниот совет не се изјаснат во дадениот рок, се смета дека тие позитивно се изјасниле.
(3) Предложените мислења и препораки се сметаат за усвоени доколку позитивно се изјаснат повеќе од половина од членовите на Локалниот совет.

**Записник, мислења и препораки**
**Член 16**

Секретарот на Локалниот совет води записник за седниците.
Записникот го потпишуваат претседателот на Локалниот совет и секретарот на Локалниот совет.
Записникот содржи податоци за:

- времето, местото и начинот на одржување на седницата;
- бројот на седницата;
- присутните членови на седницата;
- дневниот ред;
- имиња на учесниците во дискусијата за секоја од точките во дневниот ред;
- мислења и препораки донесени на седницата на Локалниот совет.
- други прашања кои секретарот на Локалниот совет ги внесува во записникот по барање на членовите на Локалниот совет.

Врз основа на записникот од седницата, секретарот на Локалниот совет подготвува писмена кои ги потпишува претседателот на Локалниот совет и кои се доставуваат до релевантните органи на кои се упатени.

**Седница за избор на претседател**
**Член 17**

(1) Со исклучок на случајот од членот 9 кога станува збор за новоизбран состав на Локалниот совет, седницата за избор на претседател се одржува најдоцна два месеци пред истекот на мандатот на постоечкиот претседател.
(2) Со седницата претседава потпретседателот, а доколку потпретседател не е именуван, тогаш највозразниот член на Локалниот совет.
(3) Остантите одредби од членот 9 се применуваат и во овој случај на избор на претседател.

**Дел 4.**
**Преодни и завршни одредби**

**Архивско работење**
**Член 12**

Архивското работење за Локалниот совет го врши Архивата на општина ____________________.

**Стапување на сила и примена**
**Член 13**

Овој деловник стапува на сила со денот на неговото усвојување.